# ЗАКОН
# ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

("Службен весник на Република Македонија" бр.44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/2015, 147/2015, 27/2016, 99/2018 и "Службен весник на РСМ"бр.103/2021 и 192/2025)

**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ**
**изготвен од Заедницата на заштитни друштва на Македонија**
**ЗАПОВИМ - Скопје**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат посебните услови за вработување и работење на инвалидни лица: кога самостојно вршат дејност како самовработено лице, кај работодавец или има својство на работодавец, во државната администрација, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, агенции и фондови и други државни институции како и условите за основање и погодностите за работење на трговското друштво за вработување на инвалидни лица - заштитно друштво (во натамошниот текст: заштитно друштво).

**Член 2**

Инвалидно лице, во смисла на овој закон, е лице со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно инвалидно лице, лице со пречки во интелектуалниот развиток, лице со аутистичен спектар на нарушувања и лице со други первазивно развојни растројства и лице со комбинирани пречки кое поради степенот на инвалидност има специфични потреби во работењето.

Инвалидно лице се смета и инвалид на трудот со преостаната или намалена работна способност и ако се води во евиденцијата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Агенција) како невработено лице.

Инвалидноста врз основа на поднесено барање од инвалидно лице, неговиот родител или старател ја утврдува комисија за оцена на работната способност на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Фондот), освен ако инвалидноста на лицето не е утврдена од друг надлежен орган.

На инвалидно лице со навршени над 26 години возраст, кое има документ за видот и степенот на попреченост согласно со законските прописи од социјалната заштита издаден пред повеќе од 10 години, при првото вработување задолжително му се утврдува инвалидност од страна на комисија за оцена на работната способност на Фондот.

**Член 2-а**

Барањето за утврдување на инвалидност од членот 2 став (3) од овој закон се поднесува до филијалата на Фондот според местото на живеење на барателот.

Решение за утврдување на инвалидност донесува надлежната филијала на Фондот врз основа на наодот донесен од Комисијата за оцена на работната способност на Фондот, во рок од 45 дена од денот на поднесување на барањето.

Комисијата за оцена на работната способност на Фондот е должна да го изготви и да го достави наодот најдоца во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Против решението од ставот (2) на овој член подносителот на барањето има право на жалба до Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Во постапка за решавање за правата и обврските кои произлегуваат од овој закон се применуваат прописите за општата управна постапка.

Образецот на барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација за утврдување на инвалидност ги пропишува министерот за социјална политика, демографија и млади во согласност со министерот за дигитална трансформација.

**Член 3**

На инвалидните лица и заштитните друштва се применуваат и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

## II. МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ИНВАЛИДНО ЛИЦЕ

**Член 4**

Мерки за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидно лице се:

- доделување на неповратни средства за вработување на неопределено време на невработено инвалидно лице, адаптација на работното место на кое ќе работи инвалидното лице доколку таа е потребна и набавка на опрема според критериумите и на начин утврден со акт на министерот за труд и социјална политика
- ослободување од даноци и обезбедување на средства за придонеси и
- финансиска поддршка во работењето.

**Член 4-а**

Работодавец не може да вработи или да распореди од едно на друго работно место инвалидно лице кое за тоа работно место не ги исполнува општите и посебните услови, односно кое не е оспособено за вршење на работите на тоа работно место.

Работите кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветното работно место ги определува Комисија при Министерството за социјална политика, демографија и млади која со акт ја формира министерот за социјална политика, демографија и млади, со кој го определува и составот на Комисијата.

Министерот за социјална политика, демографија и млади со акт го определува начинот за донесување на Наодот и мислењето на Комисијата од ставот 2 на овој член.

Средствата за работа на Комисијата од ставот 2 на овој член се обезбедуваат од Посебниот фонд од членот 15 став 1 на овој закон.

Инвалидно лице може да биде работодавец или да врши работа на одговорно лице кај работодавец, доколку добие позитивно мислење од комисијата од членот 4-а став 2 на овој закон.

**Член 4-б**

Работодавецот е должен на вработеното инвалидно лице да му исплаќа плата согласно со закон, колективен договор и договор за вработување.

Платата од ставот 1 на овој член работодавецот е должен на вработеното инвалидно лице да му ја исплаќа преку трансакциска сметка, а платата може да ја подигне самото лице со инвалидност, брачниот другар, неговиот родител или неговиот старател.

**Член 5**

Работодавачот за вршење на дејноста е должен да има решение или доказ дека пред да започне да врши дејност го известил органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот, како и пријава или решение од други органи во зависност од дејноста која ја врши.

При вработување на инвалидно лице, работодавецот е должен да создаде соодветни услови за работење и адаптација на работното место во зависност од работното место, видот и степенот на образованието и видот и степенот на инвалидноста на инвалидното лице кое се вработува.

**Член 6**

Средствата за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, адаптација на работно место и набавка на опрема, се обезбедуваат од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица (во натамошниот текст: Посебен фонд).

**Член 7**

Вработеното инвалидно лице кај кое е утврдена инвалидност во смисла на членот 2 став 1 од овој закон се ослободува од плаќање на данок на личен доход.

Средствата за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување за лицата од став 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Буџетот на Република Северна Македонија за намените од ставот 2 на овој член, средствата ги обезбедува најмногу во висина на придонесите на основица од две нето просечни плати исплатени во Република Северна Македонија во претходниот месец. За разликата од нето платата која го надминува овој износ, средствата за придонеси ги плаќа работодавецот.

**Член 8**

Под финансиска поддршка во работењето во смисла на овој закон се сметаат погодностите што ги добива инвалидното лице кое самостојно врши дејност како самовработено лице, односно заштитното друштво при користењето на средства од Посебниот фонд.

За самовработено лице се смета физичко лице кое самостојно врши економска дејност или професионална и друга интелектуална услуга од која остварува приход, согласно со закон

**Член 9**

Заради вработување на инвалидни лица се основаат заштитни друштва како трговски друштва. Заштитно друштво може да се основа и да работи како заштитно друштво ако вработува најмалку десет лица на неопределено време од

кои најмалку 40% се инвалидни лица од вкупниот број на вработени, од кои најмалку половината се лица со утврдена инвалидност во смисла на членот 2 став 1 од овој закон.

Новоосновано заштитно друштво е должно во периодот од 90 дена да ги вработи сите работници сметано од денот на првото вработување на работник на неопределено време во друштвото, во спротивно не го стекнува статусот на заштитно друштво и наредните пет години не може да работи како заштитно друштво, во кој рок основачот или член на неговото потесно семејство не може да основа ново заштитно друштво.

Заштитното друштво не го губи статусот на заштитно друштво ако не ги исполнува условите од ставот 1 на овој член до 90 дена непрекинато.

Ако заштитното друштво не ги исполнува условите од ставот 1 на овој член повеќе од 90 дена непрекинато, или во текот на работењето на заштитното друштво повеќе од три пати во вкупно траење од 90 дена, го губи статусот на заштитно друштво и наредните пет години не може да работи како заштитно друштво, во кој рок основачот или член на неговото потесно семејство не може да основа ново заштитно друштво.

**Член 10**

Вработените во заштитното друштво кои не се инвалидни лица и инвалиди на трудот се ослободуваат од плаќањето на данок на личен доход и за нив се обезбедуваат средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување од Буџетот на Република Северна Македонија.

Заштитните друштва се ослободуваат од плаќање на данок од добивка и сите давачки од добивката.

**Член 11**

Заради остварување на заеднички цели и задачи во унапредувањето на вработувањето на инвалидни лица во заштитните друштва, овие друштва основаат Заедница на заштитни друштва (во натамошниот текст: Заедница), како стопанска интересна заедница согласно со Законот за трговските друштва.

Заедницата од ставот 1 на овој член врши увид во работењето на заштитните друштва, води евиденција на вработените инвалидни лица, заштитните друштва и бројот и структурата на вработените во заштитните друштва, а за констатираните неправилности од спроведувањето на одредбите од овој закон кои се однесуваат на посебните услови за вработување и работење на инвалидното лице, Заедницата е должна да го информира Државниот инспекторат за труд.

Заедницата од ставот 1 на овој член ги врши административните работи и води евиденција за издадените Наоди и мислења на Комисијата од членот 4-а став 2 на овој закон.

## III. РАБОТНО ОСПОСОБУВАЊЕ СО ВРАБОТУВАЊЕ

**Член 12**

Работно оспособување, во смисла на овој закон, е оспособување на инвалидното лице за практична работа за определени работи согласно со потребите на работодавецот и инвалидното лице.

Невработеното инвалидно лице на работно оспособување заради вработување кај работодавецот го упатува Агенцијата.

Вработеното инвалидно лице, кое не е оспособено за вршење на соодветни работи, на работно оспособување го упатува работодавецот.

Работното оспособување може да се врши кај работодавецот и кај друг работодавец според посебни програми, под услови и на начин утврдени со акт на Агенцијата.

**Член 12-а**

Вработување на инвалидно лице се врши од редот на евидентирани невработени инвалидни лица во Агенцијата.

Агенцијата е должна да води евиденција на невработените инвалидни лица во Република Северна Македонија.

Инвалидното лице може да се вработи на работно место за кое има образование за соодветно занимање, односно може да се вработи или прераспореди и на друго работно место ако ги исполнува општите и посебните услови или е оспособено за вршење на работите на тоа работно место и ако има наод и мислење од Комисијата при Министерството за социјална политика, демографија и млади за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветното работно место

**Член 13**

Средствата потребни за работно оспособување од член 12 на овој закон се обезбедуваат од Посебниот фонд.

**Член 14**

Инвалидното лице кое се упатува на работно оспособување нема статус на вработено лице кај работодавецот кај кого работно се оспособува, освен ако не е вработено кај него.

## IV. ПОСЕБЕН ФОНД ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ИНВАЛИДНИТЕ ЛИЦА

**Член 15**

Заради финансирање на работите за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидни лица, адаптација на работно место, придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување за вработеното инвалидно лице, придонес за пензиско и инвалидско осигурување за сите вработени во заштитното друштво и набавка на опрема 10% од вкупно остварените средства од постојниот придонес за вработување се издвојуваат на потсметката во Агенцијата (Посебен фонд) најдоцна до 30 во месецот за претходниот месец.

Неискористените средства од ставот 1 на овој член Агенцијата може да ги користи за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица.

Одлука за користење на средствата од ставот 2 на овој член донесува Владата на Република Северна Македонија по предлог на Агенцијата.

Агенцијата е должна средствата издвоени во Посебниот фонд да ги користи исклучиво за намените утврдени во став 1 и став 2 на овој член.

Агенцијата со корисникот на средствата склучува договор за користењето на средствата.

**Член 16**

Инвалидно лице кое самостојно врши дејност како самовработено лице, заштитно друштво и друго правно лице, поднесува барање за доделување на средства од Посебниот фонд до Управниот одбор на Агенцијата.

Образецот на барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација за доделување на средства од Посебниот фонд ги пропишува министерот за социјална политика, демографија и млади во согласност со министерот за дигитална трансформација.

Управниот одбор на Агенцијата донесува решение за доделување на средствата од Посебниот фонд по поднесено барање од ставот (1) на овој член во рок од 90 дена од денот на поднесеното барање.

Решението од ставот 3 на овој член се донесува по претходно извршен увид од Центарот за вработување и Управниот одбор на Агенцијата за исполнетоста на условите за доделување на средства од Посебниот фонд.

Против решението од ставот (3) на овој член подносителот на барањето има право на жалба до Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

При одлучување за доделување на средствата од Посебниот фонд Управниот одбор ги зема во предвид посебните услови за вработување и адаптација на работните места кои треба да се создадат, како и опремата во зависност од техничко-технолошкиот процес кои треба да се обезбедат заради подобрување на условите за вработување и работа на инвалидното лице.

На правно лице кое не е заштитно друштво, може да му се доделат средства од Посебниот фонд за ново вработено инвалидно лице од членот 2 став (1) од овој закон на неопределено време и адаптација на работно место на кое ќе работи инвалидното лице.

На заштитно друштво може да му се доделат средства од Посебниот фонд за новвработено инвалидно лице од членот 2 став (1) од овој закон на неопределено време, адаптација на работно место на кое работи инвалидното лице и набавка на опрема.

На инвалидно лице од членот 2 став (1) од овој закон кога самостојно врши дејност како самовработено лице може да му се доделат средства од Посебниот фонд за негово вработување на неопределено време, адаптација на работното место на кое ќе работи и набавка на опрема.

**Член 16-а**

Во рамки на расположливите средства од Посебниот фонд се доделуваат неповратни средства за:

1) вработување на инвалидно лице од членот 2 став 1 на овој закон на неопределено време во висина од 20 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред вработувањето, односно 40 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред вработувањето за вработување на слепо лице со оштетеност на видот од 90 до 100% и телесно инвалидно лице на кое заради движење му е потребна инвалидска количка;

2) адаптација на работно место во висина до 100.000 денари и истите можат повторно да се користат ако тоа го налагаат промените на техничко-технолошкиот процес или видот и степенот на инвалидноста на инвалидното лице и

3) набавка на опрема во висина до 200 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија во претходната година, при што барателот во пресметковната вредност на програмата треба да учествува со сопствено учество од 20% (сопствени средства, кредит од банка или лични средства на сопственикот на фирмата), а износот на доделените средства може да биде најмногу до висината на имотот и трајниот капитал заведен во книгите на барателот (основачки влог, опрема, градежни и деловни објекти, дуќани и слично).

4) работен асистент на инвалидно лице кое е вклучено во работно оспособување, на негово барање или на барање на работодавецот.

Основен критериум за утврдување на висината на доделените неповратни средства за опрема од точката 3 на овој член е бројот на вработените инвалидни лица. Висината на средствата кои се доделуваат се утврдува на следниов начин:

- до 20 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред поднесувањето на барањето ако вкупниот број на вработени инвалидни лица кај работодавачот е до 2;
- до 40 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред поднесувањето на барањето ако вкупниот број на вработени инвалидни лица кај работодавачот е од 3 до 5;
- до 60 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред поднесувањето на барањето ако вкупниот број на вработени инвалидни лица кај работодавачот е од 6 до 8;
- до 80 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред поднесувањето на барањето ако вкупниот број на вработени инвалидни лица кај работодавачот е од 9 до 12;
- до 100 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред поднесувањето на барањето ако вкупниот број на вработени инвалидни лица кај работодавачот е од 13 до 20;
- до 130 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред поднесувањето на барањето ако вкупниот број на вработени инвалидни лица кај работодавачот е од 21 до 35;
- до 160 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред поднесувањето на барањето ако вкупниот број на вработени инвалидни лица кај работодавачот е од 36 до 50 и
- до 200 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред поднесувањето на барањето ако вкупниот број на вработени инвалидни лица кај работодавачот е над 51.

Подносителот на барањето може да користи средства од Посебниот фонд за намените од ставот 1 точка 3) на овој член, под условите утврдени во Законот, ако деловно е активен најмалку три години, има позитивен бонитет што се докажува со документ издаден од надлежна институција, редовно исплатува плата и придонеси од задолжително социјално осигурување согласно со закон за последните девет месеци, достави банкарска гаранција во износ на одобрените средства што ги побарува од Посебниот фонд со важност од најмалку три години и не е во сопственичка, организациска или управувачка поврзаност со правниот субјект од кого ја набавува опремата.

Средствата од ставот 1 точка 3 на овој член не може повторно да се користат пред истекот на три години од претходно одобрените средства од Посебниот фонд и ако барателот го намалил бројот на инвалидните лица од членот 2 став 1 на овој закон за чие вработување се користени средства од Посебниот фонд.

Подносителот на барањето може да користи средства од Посебниот фонд за намените од ставот 1 точка 1) на овој член под условите утврдени во Законот, ако деловно е активен, има позитивен бонитет што се докажува со документ издаден од надлежна институција и редовно исплатува плата за последните девет месеци сметано од денот на вработувањето на инвалидното лице и достави банкарска гаранција со рок на пристигнување до 11 месеци во висина на средствата што ги побарува од Посебниот фонд за вработување на инвалидно лице. Банкарската гаранција ќе биде активирана доколку работодавецот го намали вкупниот број на инвалидни лица од членот 2 став 1 од овој закон за чие

вработување се користени средства од Посебниот фонд или не им исплаќа плата и придонеси од задолжително социјално осигурување согласно закон.

Средствата од ставот 1 точки 2 и 3 на овој член може да се користат исклучиво за намената за која се доделени.

Начинот на уплатата на доделените средства на работодавецот од Посебниот фонд се врши на начин утврден со актот од членот 4 на овој закон.

Условот за исплата на плата од ставовите 3 и 5 на овој член, не се однесува за самовработеното лице.

Средствата за работен асистент од ставот 1 точка 4) на овој член се обезбедуваат од Посебниот фонд.

Министерот за социјална политика, демографија и млади поблиску ги пропишува условите и начинот на обезбедување на работниот асистент и финансискиот надомест за работниот асистент.

**Член 16-б**

Ако на вработеното инвалидно лице за кое се користени средства му престане работниот однос по која било основа или работодавецот го намалил бројот на вкупно вработените инвалидни лица од членот 2 став 1 на овој закон на неопределено време, истиот е должен во рок од осум дена од денот на настанатата промена да ја извести Агенцијата.

Ако на инвалидното лице за кое се користени средства му престане работниот однос пред истекот на рокот од три години од денот на вработувањето, освен по сила на закон или во случај на смрт, корисникот на средства е должен во рок од три месеци на негово место да вработи друго инвалидно лице без право повторно да користи средства за вработување на инвалидното лице.

Работодавец може да користи средства од Посебниот фонд за вработување на невработено инвалидно лице од членот 2 став 1 на овој закон, ако во евиденцијата на Агенцијата се води како невработено инвалидно лице. За вработување на инвалидно лице од членот 2 став 1 на овој закон за кое се користени средства за вработување од Посебниот фонд, при повторно вработување новиот работодавец не може да користи средства од Посебниот фонд за вработување на инвалидното лице пред истекот на пет години сметано од денот на засновањето на новиот работен однос.

За инвалидно лице на кое работниот однос му престанал не по негова вина и за кое работодавецот ги повратил средствата во Посебниот фонд, средства за негово повторно вработување може да се користат и пред истекот на рокот од став 3 на овој член.

Корисникот на средства за вработување на инвалидно лице кој нема да вработи друго инвалидно лице на местото на инвалидното лице на кое му престанал работниот однос, во смисла на ставот 2 од овој член, или вакво право остварил врз основа на неточни податоци, должен е средствата да ги врати на Посебниот фонд во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на состојбата во цел износ зголемени за банкарска камата на средства по видување.

Ако работодавецот го намалил бројот на вкупно вработените инвалидни лица од членот 2 став 1 на овој закон на неопределено време од денот на влегување во сила на овој закон, а за чие вработување се користени средства од Посебниот фонд, а на нивно место прими нови инвалидни лица, не може да користи средства за вработување за новопримените инвалидни лица.

Ако работодавачот на кој му се доделени неповратни средства за опрема од членот 16-а став 1 точка 3) од овој закон, го намали бројот на вработените инвалидни лица според кој се доделени средствата, е должен во рок од осум дена

од денот на настаната промена да ја извести Агенцијата и во рок од три месеци да го надополни бројот на вработени инвалидни лица.

Ако работодавачот не го надополни бројот на вработени инвалидни лица до бројот според кој му се доделени неповратни средства за опрема, е должен да ги врати примените средства во рок од 30 дена од денот по истекот на рокот за надополнување на бројот на вработени инвалидни лица од ставот 7 на овој член.

Корисникот на средства од Посебниот фонд набавената опрема не може да ја изнајмува, дава под закуп или да ја оттуѓи во рок од три години од денот на добивањето на средствата.

Корисникот на средствата на кој со решение на Управниот одбор на Агенцијата му се доделени средства од Посебниот фонд врз основа на неточни податоци за кои знаел или морал да знае дека се неточни, односно на друг противправен начин го остварил правото на доделени средства од Посебниот фонд, е должен во рок од 60 дена да ги врати примените средства и да ја надомести евентуалната штета. Ако корисникот на средствата и Агенцијата не се спогодат, Агенцијата ќе поднесе тужба до надлежниот суд за враќање на неосновано примените средства.

**Член 17**

Средствата во Посебниот фонд се обезбедуваат од:

- данокот на додадена вредност и царините уплатени од заштитните друштва во Буџетот на Република Северна Македонија кои во целост на потсметката на Посебниот Фонд се дозначуваат најдоцна до 15 во месецот за претходниот месец;
- подароци, легати и
- други извори.

**Член 17-а**

Агенцијата води електронска евиденција согласно со Законот за општа управна постапка за вработените инвалидни лица согласно со овој закон, која содржи податоци за начинот на вработување на инвалидното лице, работодавецот каде лицето е вработено, период за којшто се однесува вработувањето, видот на инвалидноста и други податоци.

Агенцијата води електронска евиденција согласно со Законот за општа управна постапка за доделените средства од Посебниот фонд која содржи податоци за работодавецот на кој му се доделени средствата, видот и основот на доделени средства, износ на доделените средства и датум на исплата на средствата од Посебниот фонд.

## IV-а. НАДЗОР НА НАМЕНСКО ТРОШЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСЕБНИОТ ФОНД

**Член 18**

Агенцијата врши увид на наменското користење на доделените средства од Посебниот фонд согласно со овој закон.

Министерот за социјална политика, демографија и млади поблиску го пропишува начинот на вршење на увид на наменското користење на доделените средства од Посебниот фонд.

Доколку при увидот се утврди дека корисникот на средства не ги исполнува обврските согласно со одредбите од овој закон, центарот за вработување до Централната служба на Агенцијата доставува известување за утврдените неправилности.

Управниот одбор на Агенцијата врз основа на утврдените неправилности донесува решение за враќање на доделените средства, во рок од 15 дена од денот на добивање на известувањето од ставот 3 на овој член.

Против решението од ставот 4 на овој член корисникот на средства има право на жалба до Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Доколку корисникот не ги врати доделените средства во рок од осум дена од правосилноста на решението од ставот 4 на овој член, Агенцијата започнува постапка за активирање на банкарската гаранција, односно доставува барање за активирање на банкарската гаранција до банката која што ја има издадено банкарската гаранција.

Агенцијата е должна да доставува квартални извештаи до Министерството за социјална политика, демографија и млади за поднесените барања за доделување на средства од Посебниот фонд и доделените средства од Посебниот фонд, како и за утврдените неправилности од ставот 4 на овој член.

## V. НАДЗОР

**Член 19**

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Начинот на спроведување на надзорот од ставот 1 на овој член го пропишува министерот за социјална политика, демографија и млади.

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон кои се однесуваат на посебните услови за вработување и работење на инвалидното лице врши Државниот инспекторат за труд.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 500 до 700 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 2.000 за големи трговци ќе се изрече за прекршок на заштиното друштво ако не ги исполнува условите од членот 9 став 2 на овој закон.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во заштитното друштво.

**Член 20-а**

Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност за микро трговци,од 500 до 700 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе се изрече за прекршок на правното лице доколку постапи спротивно од членовите 4-а ставови 1 и 5, 12-а став 3 и 16-б ставови 1, 5, 7 и 8 на овој закон.

Глоба во износ од од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице.

**Член 21**

Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 500 до 700 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе се изрече за прекршок на правното лице ако не ги исполнува условите од членот 5 на овој закон.

Глоба во износ од од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице.

**Член 22**

Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 500 до 700 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе се изрече на работодавецот ако средствата добиени од Посебниот фонд не ги користи согласно со членот 16-а став 6 од овој закон.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице кај работодавецот.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на инвалидното лице кое самостојно врши дејност како самовработено лице ако средствата добиени од Посебниот фонд не ги користи согласно со членот 16-а став 6 од овој закон.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ~~кое самостојно врши дејност како самовработено лице~~ ќе му се изрече за прекршокот од ставот 3 на овој член на одговорното лице кај самовработеното лице.

(5) Глоба во износ од 20 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице, доколку не донесе решение во рок од 45 дена од денот на приемот на членот 2-а став (2) од овој закон.

(6) Глоба во износ од 20 до 50 евра во денарска противредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на Комисијата за оцена на работната способност, доколку не изготват и не достават наод во рок од 30 дена согласно со членот 2-а став (3) од овој закон.

(7) Глоба во износ од 20 до 50 евра во денарска противредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на Управниот одбор доколку не донесат решение во рокот согласно член 16 став (3) од овој закон.

**Член 23**

Избришан ("Службен весник на РМ" 147/2015).

**Член 24**

Глоба во износ од 20 до 50 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на Управниот одбор на Агенцијата ако доделат средства спротивно од членот 16 ставови 6, 7 и 8 од овој закон.

Глоба во износ од 20 до 50 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на Управниот одбор на Агенцијата ако не постапат согласно со членот 18 став 4 од овој закон.

**Член 24-а**

За прекршоци предвидени во овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

**Член 24-б**

Одмерувањето на висината на глобата за правните лица и самовработено лице се врши согласно Законот за прекршоците.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 25**

Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, постојните претпријатија за вработување на инвалидни лица должни се да го усогласат своето работење и да се организираат во заштитни друштва во согласност со овој закон и Законот за трговските друштва.

Ако во рокот од став 1 на овој член постојните претпријатија за вработување на инвалидни лица не се усогласат со одредбите од овој закон, престануваат да работат како претпријатија за вработување на инвалидни лица.

**Член 25-а**

Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон постојните самостојни вршители на професија или дејност, се должни да го усогласат своето работење согласно со овој закон и Законот за трговските друштва.

**Член 26**

Министерот за труд и социјална политика во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го донесе прописот од член 16 став 5 на овој закон.

**Член 27**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.16/2004 од 22.03.2004 година се додаваат следните членови:**

**Член 21**

Министерот за труд и социјална политика во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го донесе актот од членот 3 на овој закон.

**Член 22**

Поднесените барања за доделување на средства од Посебниот фонд кои не се решени до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се решаваат според одредбите на овој закон.

**Член 23**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005 од 28.07.2005 година се додаваат следните членови:**

**Член 24**

Министерот за труд и социјална политика во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го донесе актот од членот 4 на овој закон.

**Член 25**

Поднесените барања за доделување на средства од Посебниот фонд кои не се решени до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се решат според одредбите на законот кој бил во сила при поднесувањето на барањето.

**Член 26**

Средствата од членот 15 став 1 на овој закон ќе се издвојуваат почнувајќи од 1 јануари 2007 година.

**Член 27**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за вработување на инвалидни лица.

**Член 28**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.113/2005 од 23.12.2005 година се додаваат следните членови:**

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.29/2007 од 09.03.2007 година се додаваат следните членови:**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.88/2008 од 16.07.2008 година се додаваат следните членови:**

**Член 14**

Во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон, постојните заштитни друштва се должни да се усогласат со членот 9 став 1 на овој закон.

Постојните заштитни друштва до истекувањето на рокот од ставот 1 на овој член, можат да користат неповратни средства од Посебниот фонд, ако ги исполнуваат условите утврдени во членот 16-а на овој закон.

Ако по истекување на рокот од ставот 1 на овој член, постојните заштитни друштва не се усогласат со членот 9 став 1 на овој закон, престануваат да работат како заштитни друштва.

**Член 15**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.161/2008 од 24.12.2008 година се додаваат следните членови:**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.99/2009 од 05.08.2009 година се додаваат следните членови:**

**Член 13**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.136/2011 од 03.10.2011 година се додаваат следните членови:**

**Член 2**

Подзаконскиот акт од членот 1 став 7 од овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот 1 на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија"

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.129/2015 од 31.07.2015 година се додаваат следните членови:**

**Член 2**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.147/2015 од 27.08.2015 година се додаваат следните членови:**

**Член 9**

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за вработување на инвалидни лица.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.27/2016 од 15.02.2016 година се додаваат следните членови:**

**Член 6**

Подзаконските акти чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето на сила од овој закон.

**Член 7**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.99/2018 од 29.05.2018 година се додаваат следните членови:**

**Член 12**

Подзаконските акти чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 13**

Постапките започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на Република Македонија" број 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/11, 129/15, 147/15 и 27/16).

**Член 14**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.103/2021 од 10.05.2021 година се додаваат следните членови:**

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавуванјето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.192/2025 од 17.09.2025 година се додаваат следните членови:**

**Член 14**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за вработување на инвалидни лица.

**Член 15**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".